## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 41 од Статутот на Народната банка на Република Македонија, а согласно со точка 5 од Одлуката за начинот и постапката за доделување годишна награда за млади истражувачи за најдобар труд од областа на макроекономијата О.бр.02-15/IX-1/2006 од 28.09.2006 година, О.бр.02-15/8-2007 од 17.04.2007 и О.бр.02-15/IX-2/2010 од 30.06.2010 година, гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

### **Р Е Ш Е Н И Е**
### **за формирање Одбор за оценување**

1. Се формира Одбор за оценување во следниот состав:

| | | |
|---|---|---|
| 1) д-р Горан Петревски | член на Советот на Народната банка на Република Македонија | претседател |
| 2) д-р Анета Крстевска | главен економист во раководството на Народната банка | член |
| 3) м-р Султанија Бојчева-Терзијан | заменик-директор на Дирекцијата за истражување во Народната банка на Република Македонија | член |

2. Одборот за оценување од член 1 на ова решение ќе изврши стручна оцена на пристигнатите трудови од областа на макроекономијата врз основа на објавениот конкурс за Годишната награда на Народната банка на Република Македонија за 2011 година и ќе достави предлог за најдобар труд со образложение до гувернерот на Народната банка на Република Македонија.

Доколку Одборот за оценување од член 1 на ова решение смета дека ниту еден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог до гувернерот на Народната банка на Република Македонија оваа година да не се доделува награда.

3.Ова решение влегува во сила со денот на потпишувањето.

**Гувернер**
**м-р Петар Гошев**

**Бр. 269**
**__.03.2011 година**
**Скопје**